Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Комисија за заштита на конкуренцијата
Komisioni për Mbrojtjen e Konkurrencës
Комисија за одлучување по прекршок
Komisioni për Vendimmarrje për Kundërvajtje
Скопје-Shkup
Примено: 14.05.2026
Орг. Един.
Број: 09-58/2
Прилог:
Вредност:

УПРК.бр.24/2025

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиитеЕљмедине Асани како претседател на совет и судиите Виолета Богојеска и Ана Герасимовска – како членови на советот, со записничар Ана Ѓорѓиевски-судски советник, одлучувајќи по тужбата на тужителот Корпорација Јагео со седиште во Тајван, Република Кина, изјавена преку полномошник Божидар Милошевиќ, адвокат од Адвокатско друштво „Папазоски и Мишев” од Скопје, против Решението на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата ПП.бр.09-58/14од 25.07.2025 година, по одржаната јавна расправа на ден 07.04.2026 година, во присуство на полномошникот на тужителот Васко Соткароски - адвокат од Адвокатско друштво „Папазоски и Мишев” од Скопје, и во присуство на овластени претставници на тужениот орган Валентина Николова, Борче Размоски и Михајла Вељковиќ, тројцата од Скопје, на ден 16.04.2026 ја донесе и ја објави следната:

I
П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот Корпорација Јагео со седиште во Тајван, Република Кина, изјавена против решението наКомисија за одлучување по прекршок при Комисија за заштита на конкуренцијата ПП.бр.09-58/14 од 25.07.2025 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА .

II
Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на полномошникот на тужителот за надомест на трошоци во постапката, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното решение означено во изреката на пресудата, во точка 1 во диспозитивот, утврдено е дека сега тужителот Корпорација Јагео со седиште во Тајван, Република Кина, иако согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата бил должен до Комисијата за заштита на конкуренцијата, да достави известување за концентрација пред нејзиното спроведување, односно пред 15.06.2020 година, кога е доставена Потврда за спојување до Секретарот на државата, а по склучување на Договор и план за спојување на 11 ноември 2019 година, истиот во наведениот период не поднел известување за концентрација, со што сторил прекршок од член 60 став 1 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, за што му се изрекува санкција-глоба во износ од 307.500 денари што претставува 0.0004% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во 2019 година (пресметани согласно член 16 од законот) како година која и претходи на концентрацијата.

Во точка 2 утврдено е дека тужителот, иако согласно член 18 став 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, не смеел да ја спроведе концентрацијата пред 25.02.2025 година, како ден кога Комисијата за заштита на конкуренцијата

донела решение со кое се утврдува дека предметната концентрација е во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата, тужителот ја спровел концентрацијата на 15.06.2020 година, кога е доставена Потврда за спојување до Секретарот на државата,со што сторил прекршок од член 60 став 1 точка 2 од Законот за заштита од конкуренцијата за што на тужителот му се изрекува санкција-глоба во износ од 3.444.000 денари што претставува 0.0046 % од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во 2019 година (пресметани согласно член 16 од законот) како година која и претходи на концентрацијата.

За прекршоците од точка 1 и 2 од оспореното решение на тужителот Корпорација Јагео со седиште во Тајван, Република Кина, му се изрекува единствена санкција-глоба во износ од 3.751,500 денари што претставува 0,005% од вредноста на вкупниот годишен приход на тужителот, остварен во 2019 година како година која и претходи на концентрацијата, која сторителот е должен да ја плати во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението на соодветните трансакциски сметки и до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави доказ од извршената уплата на глобата во рок од 15 дена од извршената уплата, под страв од присилна наплата.

Незадоволен од вака донесеното решение тужителот поднесе тужба за управен спор, со која ја оспори законитоста на решението на тужениот орган означено во изреката на пресудата, поради суштествени повреди на правилата на постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право. Во тужбата се наведува дека на тужителот неможе да му се утврдува постоење на два прекршоци за исто сторување/дејствие,во конкретниот случај спроведувањето на концентрацијата. Имено, според тужителот мора да постои јасна разлика помеѓу двата прекршоци уредени со член 60 став 1 точка 1 и член 60 став 1 точка 2 од Законот за заштита на конкуренцијата, во спротивно ќе значи дека одредбата од член 60 став 1 точка 1 не е самостоен прекршок и може да се примени само заедно со одредбата од член 60 став 1 точка 2 од истиот закон односно секогаш да се изрекуваат два прекршоци, што е спротивно на начелото на забрана за двојно изрекување санкции (non bis in idem) од членот 5 од Законот за прекршоците. Според тужителот прекршокот од член 60 став 1 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата кој го санкционира постапувањето спротивно на член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, се применува само кога учесниците во концентрацијата ја имаат спроведено трансакцијата без претходно да поднесат известување за концентрација, додека прекршокот од член 60 став 1 точка 2 од Законот за заштита на конкуренцијата кој го санкционира постапувањето спротивно на членот 18 е применлив само кога учесниците поднеле известување за концентрација и потоа ја спровеле трансакцијата пред да добијат решение дека истата е во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата. Согласно наведеното, треба да се смета дека тужителот има сторено прекршок од член 60 став 1 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, односно нема поднесено известување за концентрацијата согласно членот 15 од истиот закон, но не и дека спроведувањето на предметната трансакција резултирало со прекршоци во смисла на член 60 став 1 точка 1 и член 60 став 1 точка 2 од Законот за заштита на конкуренцијата. Тужителот наведува и дека погрешно е применето материјалното право при донесувањето на оспореното решение и неосновано бил задолжен со плаќање на глоба во износ од 3.444.000 денари поради што предлага да го поништи или

преиначи оспореното решение на начин на кој се ослободува тужителот од прекршокот по член 60 став 1 точка 2 од Законот за заштита на конкуренцијата како и од изречената санкција - глоба во износ од 3.444.000 денари.

Тужениот орган ги достави списите на предметот и во одговор на тужба наведе дека, останува во целост при наводите во оспореното решение, од причина што тужбените наводи на тужителот се темелат на погрешно толкување на применливите законски одредби и не претставуваат основ за поништување на оспореното решение. Во конкретниот случај фактичката состојба била целосно и правилно утврдена и правилно било применето материјалното право, поради што предложи тужбата на тужителот да биде одбиена како неоснована.

Одговорот на тужба од тужениот орган, Судот го достави до полномошникот на тужителот со цел да се запознае со неговата содржина, по кој истиот поднесе писмено произнесување во кое наведе дека останува во целост кон тужбата, изнесените наводи и тужбени барања. Наведено е и дека тужениот орган намерно или ненамерно ја избегнува сериозноста на повредата на начелото non bis in idem како и дека тужениот орган извлекол погрешен заклучок дека од тужбата произлегува индиректно признавање дека се исполнети сите елементи на двата прекршоци по член 60 став 1 точка и 2 од Законот за заштита на конкуренцијата. Ова од причини што тужителот детално образложил дека не се исполнети условите за изрекување на прекршок од член 60 став 1 точка 2 од Законот за заштита на конкуренцијата. Наведе и дека аргументите во одговорот на тужбата кои се засноваат на предметот C-10/18P-Mowi ASA против Европската комисија се исто така неосновани бидејќи тоа би значело дека сите останати одредби од нашиот закнодавен систем се неефикасни бидејќи за сите прекршоци е предвидена една прекршочна санкција.

Јавната расправа закажана за 07.04.2026 година, се одржа во присуство на полномошникот на тужителот и овластените претставници на тужениот орган.

На одржаната јавна расправа, полномошникот на тужителот изјави дека останува во целост на тужбеното барање и наводите дадени во текот на досегашната постапка. Наведе дека очигледно е дека со побиваното решение, Комисијата спротивно на Законот за прекршоци за едно дејствие кое дејствие е спроведување на концентрацијата пред комисијата да донесе решение за нејзино одобрување, има изречено две прекршочни санкции.

Претставникот на тужениот орган, Борче Размоски, изјави дека останува во се како во дадениот одговор на тужба. Наведе дека во конкретниот случај, не станува збор за двојно санкционирање за исто дејствие, туку за повреда на две самостојни обврски предвидени во Законот за заштита на конкуренцијата, кои што се различни и по својата правна природа, во моментот на настанување и по правниот интерес кои го штитат, со непријавување на концентрацијата се повредува обврската на странките да овозможат претходна контрола, додека со предвременото спроведување се повредува обврската за зачувување на статус кво состојбата на пазарот до донесување на решение, односно одобрување на концентрацијата од страна на Комисијата. Оттука, смета дека не може да стане збор за повреда на начелото два пати за иста работа бидејќи не постои повторна постапка, ниту санкционирање за ист правен основ, туку во една постапка се утврдени две различни повреди на законски одредби. Истакна и дека од самата

тужба произлегува дека тужителот не ги оспорува фактичките околности, туку исклучиво само правната квалификација во однос на двојното санкционирање, што укажува на тоа дека суштината на прекршоците не е спорна. Имајќи го предвид претходното, предложи судот да ја одбие тужбата како неоснована и да го портврди решението на комисијата како законито.

Во реплика, полномошникот на тужителот изјави дека во конкретниот случај, дејствието не поднесување на известување, не претставува самото по себе повреда на одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. За да дојде до повреда на член 15 од законот, дејствието кое што е потребно да се случи е спроведување на концентрацијата без претходно добивање на решението за истото на Комисијата. Тоа значело дека, само за тоа едно дејствие против тужителот, тужениот орган изрекол две прекршочни санкции спротивно на Законот за прекршоци. За да може тужениот орган да изрече санкција врз основа на член 60 став 1 точка 2 од Законот за заштита на конкуренцијата, потребно било тужителот да го поднел известувањето за концентрација, а самата концентрација да ја спровел пред Комисијата за заштита на конкуренцијата, да донесе решение за истото. Оттука, јасно произлегувало дека за едно исто дејствие биле изречени две прекршочни санкции.

Во завршни зборови полномошникот на тужителот изјави дека во целост останува кон тужбеното барање и дадените наводи и барање од судот да го усвои тужбеното барање во целост онака како што е наведено во самата тужба, и да го задолжи тужениот со трошоци во оваа постапка согласно доставен трошковник.

Во завршни зборови претставникот на тужениот орган Борче Размоски изјави дека останува во се како во дадениот одговор на тужба и кажаното на одржаната расправа и предложи судот да ја одбие тужбата како неоснована и да го потврди и оспорнеото решение како законито и правилно.

Во доказната постапка Судот на расправата ги изведе следните докази:Се чита и се врши увид во: Решение ПП број 09-58 од 25.07.2025 година на Комисија за заштита на конкуренцијата, Комисија за одлучување по прекршок; Потврда од Министерство за економија на Република Кина од 17.12.2024 година, преведена од овластен судски преведувач; Одговор на тужба ПП број 09-58/17 од 10.09.2025 година со списи; Допис ПП бр.09-58/1 од 07.03.2025 година од Комисија за заштита на конкуренцијата, Комисија за одлучување по прекршок; Заклучок број 09-58/2 од 12.03.2025 година за поведување на прекршочна постапка; Допис број ПП09-58/4 од 12.03.2025 година доставен до Адвокатско друштво Папазови и Мишев; Допис од Адвокатско друштво Папазови и Мишев од 28.03.2025 година; Допис од Адвокатско друштво Папазови и Мишев од 25.04.2025 година; Допис од Корпорација Јагео-произнесување по заклучокот од 05.05.2025 година; Преелименарно известување за утврдена фактичка состојба ПП број 09-58/8 од 23.05.2025 година со попратно писмо ПП бр.09-58/9 од 23.05.2025 година; Допис од Корпорација Јагео-Произнесување по преелиминарно известување од 10.06.2025 година; Конечно известување за утврдена фактичка состојба ПП број 09-58/11 од 04.07.2025 година со попратно писмо ПП број 09-58/12 од 04.07.2025 година; Допис од Корпорација Јагео-произнесување по конечно известување од 17.07.2025 година и Поднесок во однос на одговорот на тужба од 03.10.2025 година.

Управниот суд постапувајќи по тужбата, го испита оспореното решение во границите на тужбеното барање во смисла на член 35 од Законот за управните спорови, па по оценка на тужбените наводи, одговорот на тужбата од тужениот орган, поднесокот-одговор на одговор на тужба и списите на предметот, а имајќи ги предвид и наводите од одржаната јавна расправа и изведените докази, најде дека:

Тужбата е неоснована.

Видно од списите на предметот произлегува дека согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на ден 02.01.2025 година, а дополнето на 29.01.2025 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата било доставено известување за концентрација од страна на тужителот Корпорација Јагео, со која истиот, стекнува контрола врз Корпорацијата КЕМЕТ. Комисијата решението бр.08-1 со кое се утврдува дека наведената концентрација е во согласност со одредбите од Законот го донела на 25.02.2025 година. Корпорацијата Јагео концентрацијата ја спровела на 15.06.2020 година кога е доставена Потврда за спојување до Секретарот на државата. Од доставеното известување Комисијата за заштита на конкуренцијата согласно член 12 став 1 точка 2 алинеа 2 од Законот за заштита на конкуренцијата, утврдила дека Корпорацијата Јагео стекнала директна контрола на Корпорацијата КЕМЕТ, по пат на припојување на Скај Мерџер Суб.Инк, друштво основано во Делавер во целосна сопственост на Корпорацијата Јагео, со Корпорацијата КЕМЕТ, во согласност со Општиот закон за корпорации на државата Делавер, и стекнување на 100% на акциите на Корпорацијата КЕМЕТ од страна на Корпорацијата Јагео. За спроведувањето на трансакцијата Корпорацијата Јагео и Корпорацијата КЕМЕТ потпишале договор и план за спојување склучен помеѓу Корпорацијата Јагео, Скај Мерџер Суб.инк и Корпорацијата КЕМЕТ на 11 ноември 2019 година кој е доставен во прилог на известување за концентрација доставено до Комисијата. Комисијата утврдила дека на светскиот пазар во 2019 година, Корпорацијата Јагео имала остварено вкупни приходи во износ од 1.197.552,391 евра односно 73.625.521,000 денари. Во Република Северна Македонија стекнал приходи од 103.497 евра односно 5.687.401,00 денари. На светскиот пазар во 2019 година, Корпорацијата КЕМЕТ имала остварено вкупни приходи во износ од 1.232.581,620 евра односно 75.779,118,000 денари, без било каков приход остварен во Република Северна Македонија. Согласно наведените податоци заедничкиот вкупен годишен приход на сите претпријатија учесници, остварен со продажба на стоки и/или услуги на светскиот пазар, надминува износот од 10 милиони евра во денарска противвредност, по курсот на денот на составување на годишната пресметка, остварен во деловната година што и претходи на концентрацијата, при што најмалку еден учесник е регистриран во Република Северна Македонија па оттука бил исполнет условот од член 14 став1 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата за поднесување на известување. Од наведеното произлегува дека постоела обврска за корпорацијата Јагео да достави до Комисијата известување за концентрација пред нејзиното спроведување согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата. Известувањето за наведената концентрација до Комисијата, Корпорацијата Јагео го доставила по спроведувањето на концентрацијата.

Врз основа на наведеното на ден 07.03.2025 година, од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата до Комисијата за одлучување по

прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата бил доставен допис ПП.бр.09-58/1 со цел да утврди дали од страна на тужителот евентуално е сторен прекршок од член 60 став 1 точка 1 и/или член 60 став 1 точка 2 од Законот за заштита на конкуренцијата. Ова од причина што на

На ден 12.03.2025 година, Комисијата за одлучување по прекршок по службена должност, донела Заклучок за поведување на прекршочна постапка бр. 09-58/2 против тужителот Корпорација Јагео, заради неподнесување на известување за концентрација согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата што претставува прекршок од член 60 став 1 точка 1 од истиот закон и заради спроведување на концентрација спротивно на член 18 став 1 од Законот за заштита на конкуренцијата што претставува прекршок од член 60 став 1 точка 2 од наведениот закон. Со заклучокот за поведување на прекршочна постапка Комисијата за одлучување по прекршок ја задолжила Корпорацијата Јагео согласно член 4 од законот да достави доказ кога е спроведена концентрацијата (кога е извршен уписот на сопственост во трговскиот регистар) со која Корпорацијата Јагео стекнува контрола врз Корпорацијата КЕМЕТ, по кој заклучок писмено се произнел тужителот со допис ПП.бр.09-58/7 од 05.05.2025 година. На ден 23.05.2025 година Комисијата за одлучување по прекршок донела прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба ПП.бр.09-58/8, кое било уредно доставено со допис ПП.бр.09-58/9 од 23.05.2025 година, по кое тужителот се произнел со допис ПП.бр.09-58/10 од 10.06.2025 година. На ден 04.07.2025 година, Комисијата донела конечно известување за утврдена фактичка состојба ПП.бр.09-58/11, кој бил уредно доставен со допис од Комисијата ПП.бр.09-58/12 од 04.07.2025 година и по кое тужителот се произнел со допис ПП.бр.09-58/13 од 17.07.2025 година.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба тужениот орган го донел сега оспореното решение ПП.бр.09-58/14 од 25.07.2025 година, со кое во точка 1 во диспозитивот, утврдено е дека сега тужителот Корпорација Јагео со седиште во Тајван, Република Кина, иако согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата бил должен до Комисијата за заштита на конкуренцијата, да достави известување за концентрација пред нејзиното спроведување, односно пред 15.06.2020 година, кога е доставена Потврда за спојување до Секретарот на државата, а по склучување на Договор и план за спојување на 11 ноември 2019 година, истиот во наведениот период не поднел известување за концентрација, со што сторил прекршок од член 60 став 1 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, за што му се изрекува санкција-глоба во износ од 307.500 денари што претставува 0.0004% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во 2019 година (пресметани согласно член 16 од законот) како година која и претходи на концентрацијата.

Во точка 2 утврдено е дека тужителот, иако согласно член 18 став 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, не смеел да ја спроведе концентрацијата пред 25.02.2025 година, како ден кога Комисијата за заштита на конкуренцијата донела решение со кое се утврдува дека предметната концентрација е во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата, тужителот ја спровел концентрацијата на 15.06.2020 година, кога е доставена Потврда за спојување до Секретарот на државата, со што сторил прекршок од член 60 став 1 точка 2 од Законот за заштита од конкуренцијата за што на тужителот му се изрекува

санкција-глоба во износ од 3.444.000 денари што претставува 0.0046 % од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во 2019 година (пресметани согласно член 16 од законот) како година која и претходи на концентрацијата.

За прекршоците од точка 1 и 2 од оспореното решение на тужителот Корпорација Јагео со седиште во Тајван, Република Кина, му се изрекува единствена санкција-глоба во износ од 3.751,500 денари што претставува 0,005% од вредноста на вкупниот годишен приход на тужителот, остварен во 2019 година како година која и претходи на концентрацијата, која сторителот е должен да ја плати во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението на соодветните трансакциски сметки и до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави доказ од извршената уплата на глобата во рок од 15 дена од извршената уплата, под страв од присилна наплата.

Незадоволен од вака донесеното решениетужителот го повел конкретниот управен спор.

Судот наоѓа дека тужениот орган со оспореното решение не го повредил законот на штета на тужителот поради следното:

Согласно член 12 став 1 точка 2 алинеја 1 и 2 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на РМ“ број 145/10..83/18 и Службен весник на РСМ бр.208/24 и 16/25)Концентрација настанува со промена на контролата на долгорочна основа, а како резултат на: стекнување на директна или индиректна контрола на целото или делови од едно или повеќе други претпријатија од едно или повеќе лица кои веќе контролираат најмалку едно претпријатие или едно или повеќе претпријатија, преку купување на хартии од вредност или имот, со договор или на друг начин пропишан со закон.

Согласно член 14 став 1 точка 1 и 2 од Законот за заштита на конкуренцијата, Известување за концентрација до Комисијата за заштита на конкуренцијата се поднесува, ако:1) заедничкиот вкупен годишен приход на сите претпријатија учесници, остварен со продажба на стоки и/или услуги на светскиот пазар, го надминува износот од 10 милиони евра во денарска противвредност, по курсот на денот на составување на годишната пресметка, остварен во деловната година што и претходи на концентрацијата, при што најмалку еден учесник мора да биде регистриран во Република Македонија и/или 2) заедничкиот вкупен годишен приход на сите претпријатија учесници, остварен со продажба на стоки и/или услуги во Република Македонија го надминува износот од 2,5 милиони евра во денарска противвредност, по курсот на денот на составување на годишната пресметка, остварен во деловната година што и претходи на концентрацијата.

Согласно член 15 став 1 од истиот Закон, учесниците во концентрацијата должни се до Комисијата за заштита на конкуренцијата да достават известување за концентрацијата пред нејзиното спроведување, а по склучувањето на договорот за спојување, односно по објавувањето на јавната понуда за откуп или стекнувањето на мнозинско учество во основната главнина на претпријатието. Согласно став 3 од истиот член, За концентрацијата која настанува како резултат од спојување во смисла на член 12 став (1) точка 1) од овој закон или со стекнување на заедничка контрола во смисла на член 12 став (1).точка 2) од овој закон, заедничко известување поднесуваат учесниците на спојувањето односно

стекнувачите на заедничката контрола. Во сите други случаи, известувањето го поднесува лицето односно претпријатието кое ја стекнува контролата на цело или дел од едно или повеќе претпријатија.

Согласно член 18 став 1 од истиот закон, концентрацијата не смее да се спроведе ниту пред да биде поднесено известување за истата до Комисијата за заштита на конкуренцијата, согласно член 15 од овој закон, ниту по поднесувањето на известувањето, се додека не биде донесено решение дека концентрацијата е во согласност со одредбите од овој закон, во смисла на член 19 став (1) точка 1) и 2), член 20 став (1) точка 1), 2) и 3) или пред да биде исполнета претпоставката од член 24 став (6) од овој закон.

Согласно член 60 став 1 точка 1 и 2 од Законот за заштита на конкуренцијата, комисијата за одлучување по прекршок на учесниците во концентрацијата кои имаат обврска да поднесат известување од член 15 од овој закон, со решение ќе им изрече глоба во износ до 10% од вредноста на нивниот вкупен годишен приход, пресметан согласно член 16 од овој закон, изразена во апсолутен и номинален износ, ако: 1) не поднесат известување за концентрацијата во согласност со член 15 од овој закон; 2) ја спроведат концентрацијата спротивно на член 18 став (1) од овој закон.

Согласно член 64 став 1 од истиот закон, При одмерување на глобата во предвид се земаат: 1) тежината на прекршокот; 2) времетраењето на прекршокот и 3)степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани со прекршокот. Согласно став 2, Комисијата за одлучување по прекршок, при одмерување на глобата, најпрво определува основен износ на глобата, а потоа истиот го прилагодува, земајќи ги предвид олеснителните или отежнителните околности. Согласно став 5, Олеснителни околности кои се земаат во предвид при одмерувањето на глобата особено се: 1) ако сторителот на прекршокот доставил доказ дека ги прекинал дејствијата кои претставуваат прекршок во моментот кога Комисијата за одлучување по прекршок повела прекршочна постапка, со исклучок кога се работи за прекршок од член 7 став (1) точка 1) од овој закон; 2) ако сторителот на прекршокот доставил доказ дека неговата вклученост во прекршокот е минимална и докаже дека за периодот кога бил учесник во забранет договор, всушност ја избегнувал неговата примена однесувајќи се конкурентски на релевантиот пазар; 3) ако сторителот на прекршокот ефективно соработувал со Комисијата за заштита на конкуренцијата или Комисијата за одлучување по прекршок, независно од примената на член 65 од овој закон (leniency).

Согласно член 17 од Законот за прекршоците, (Службен весник на РСМ бр.96/19) Ако сторителот со едно дејствие или со повеќе дејствија сторил повеќе прекршоци, но не е донесена одлука за прекршок, претходно ќе се утврди прекршочна санкција за секој одделен прекршок, а потоа ќе се изречат како единствена прекршочна санкција сите така утврдени прекршочни санкции. Согласно став 2, Ако за повеќе прекршоци сторени во стек е утврдена глоба ќе се изрече единствена прекршочна санкција што е еднаква на збирот на одделно утврдената глоба, која не може да го надмине законскиот максимум на глобата пропишана со закон.

Во конкретниот случај, Судот најде дека тужениот орган правилно ја утврдил фактичката состојба дека тужителот постапил спротивно на член 15 и 18 од Законот за заштита на конкуренцијата со што сторил прекршоци по член 60

став 1 точка 1 и точка 2 од истиот закон, и при одмерувањето на глобата, согласно член 64 од Законот за заштита на конкуренцијата правилно ги земал предвид последиците предизвикани од прекршокот, тежината на прекршокот, времетраењето на прекршокот и степенот на нарушеност на конкуренцијата. Притоа ги ценел сите олеснителни околности дека со решението бр.08-1 од 25.02.2025 година наведената концентрација е во согласност со одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, па оттука со спроведувањето на концентрацијата не е нарушена конкуренцијата и не се предизвикани последици по конкуренцијата на релевантниот пазар, дека тужителот доставил известување за концентрација на 02.01.2025 година и го дополнил на 29.01.2025 година и дека ефективно соработувал со Комисијата за одлучување по прекршок за време на постапката, како и дека времетраењето на прекршокот од член 60 став 1 точка 2 од Законот е од 15.06.2020 година кога е доставена Потврда за спојување до Секретарот на државата до 25.02.2025 година како ден кога е донесено решението бр.08-1 со кое се утврдува дека предметната концентрација е во согласност со законот, односно 4 години и 8 месеци, па врз основа на наведеното правилно му изрекол на тужителот глоба во износ од 10 % од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во деловната година што и претходи на концентрацијата пресметан согласно член 16 од Законот за заштита на конкуренцијата, за секој одделен прекршок и согласно член 17 од Законот за прекршоците правилно му изрекол единствена глоба за сторените прекршоци во износ од 3.751.500 денари што претставува 0,005% од вредноста на вкупниот годишен приход на тужителот остварен во 2019 година како година која и претходи на концентрацијата.

При одлучувањето, Судот ги ценеше тужбените наводи на тужителот, но ги оцени како неосновани и без влијание за поинакво одлучување, од причини што Судот цени дека членот 60 став 1 точка 1 и точка 2 од Законот за заштита на конкуренцијата, санкционира две различни дејствија кои претставуваат два различни прекршоци. Имено, членот 60 став 1 точка 1 го санкционира неподнесувањето на известување за концентрација спортивно на член 15 од истиот закон, додека членот 60 став 1 точка 2 го санкционира спроведувањето на концентрацијата пред донесување на решение од Комисијата спротивно на член 18 од Законот за заштита на конкуренцијата, односно иако и двата прекршоци се поврзани со концентрацијата тие се однесуваат на различни обврски и тоа обврска за позитивно сторување (поднесување известување) и обврска за воздржување ( не смее да се спроведе концентрацијата пред да биде донесено решение од Комисијата за заштита на конкуренцијата). Судот исто така цени дека во конкретниот случај не е повредено начелото non bis in idem од причини што станува збор за два различни прекршоци сторени во стек, чија повреда повлекува изрекување на различни санкции за секој одделен прекршок за кои потоа согласно член 17 од Законот за прекршоците се изрекува единствена санкција, па оттука тужителот неможе да биде двапати казнуван за ист прекршок.

Исто така, согласно член 86 став 3 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Северна Македонија бр.96/2019), согласно кои одредби, доколку судот ја одбие или отфрли тужбата или пак постапката се запре, секоја странка ги сноси своите трошоци во постапката, поради што, Судот одлучи дека барањето на полномошникот на тужителот за надомест на трошоците на постапката е неосновано, па одлучи како во точка II од диспозитивот на оваа одлука.

Врз основа на изнесеното, Судот согласно член 59 став 1 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија" бр.96/2019), одлучи како во точка I од диспозитивот на оваа одлука.

Пресудено во Управен суд на 16.04.2026 година, под УПРК.бр.24/2025.

Записничар - судски советник
Ана Ѓорѓиевски

Претседател на совет - Судија
Ељмедине Асани

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истата, преку овој суд до Виш управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Република Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРСМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2.

Се задолжува тужителот, во истиот рок да плати судска такса за тужба во износ од 480,00 денари, доколку истата не е платена при поднесување на тужбата, на погоре наведените жиро сметки за физички и правни лица.

Пресудата да се достави на:
- тужител, преку полномошник
- тужен орган

Претседател на совет - Судија
Ељмедине Асани

Согласноста на преписот со изворникот го потврдува
Судски службеник

НК/